Македонска ризница

електронско списание

Април 2013
ISSN 1857-8314

Република Македонија

Македонска Ризница

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:

Благојче Андонов

ИЗДАВАЧ:

Александар Стеванов

ДИЗАЈН:

Сашо Гачев

СОРАБОТНИЦИ:

Никола Анѓелкоски
Весна Ничевска Саравинова
Веле Смилевски
д-р Јасминка Ристовска Пиличкова
Благоја Илијовски
Гоце Панговски
Јахја Алави Фард
Ники (Лазарова) Лакатус
Диме Митревски
Ренато Цулијано
Билјана Т. Димко
Language School Temza

09

Од редакцијата:

Почитувани,
Со гордост Ви го претставуваме деветтиот број на „Македонска ризница“.

Длабоко сме уверени дека и овој пат ќе успееме да Ве заинтересираме во нашата цел сами да ја отворите бескрајно богата ризница на историјата на Македонија, нејзината култура и единствен дух. Само човек кој ја познава својата историја и традиција е способен да учествува во создавањето на иднината на својата татковина.

Голема благодарност до нашите бројни соработници кои несебично дадоа придонес во создавањето и развивањето на „Македонска ризница“. За нас тоа претставува дополнителен поттик и потврда да продолжиме со нови и секогаш интересни содржини.

Во овој број на „Македонска ризница“ ја издвојуваме соработката со ценетата Д-р Јасминка Ристовска Пиличкова, како и разговорот со режисерот на документарецот ***„A Great Macedonian”*** на Ренато Цулијано.

„Македонска ризница“ постојано ги следи активности на нашите македонисти и големи афирматори на Македонија во светот. Овој пат ви го претставуваме Јахја Алави Фард.

Сашо Гачев

ВО ОВОЈ БРОЈ ЌЕ ЧИТАТЕ:

Непознати борци од Илинденското востание
Македонска ризница 04

Плодотворните аспекти на точкастите елементи зрна или јајца – застапени во македонската традиционална орнаментика
д-р Јасминка Ристовска Пиличкова 08

Децата бегалци
Ники (Лазарова) Лакатус 15

Османлиската империја во 15 век
Благоја Илијовски 29

Народни песни за војводата Пандил Шишков, Ѓорѓија Еминагов, Тане Стојчев и Мице Цицков
Благојче Андонов 33

Штип низ времето 36

Разговор помеѓу Јозеф Холечек и југословенскиот крал Александар
Превод: Диме Митревски 40

Разговор со режисерот на документарецот- „A Great Macedonian" Ренато Џулијано 44

Спомените на Бубевски Никола 50

Поезијата на Биљана Т. Димко 53

Портрет карикатура на Мето Јовановски
Никола Анѓелкоски 56

Божица
Весна Ничевска Саравинова 57

Пријатели на Македонија - Јахја Алави Фард 58

Антиквизатори
Александар Стеванов 60

Непознати борци од Илинденското востание

Старите илинденци од село Смилево со гордост по ослободувањето на Македонија си спомнувале за своето учество во Илинденското востание. За нив во списанието „Фронт" од 20.07.1953 година е објавена статија „Живи Сведоци на Илинден", ние во оваа пригода сакаме да ве запознаеме со Илија Груевски, близок роднина на македонскиот револуционер и апостол Дамјан Груев.

Илија Груевски е роден 1881 во село Смилево. За време на Смилевскиот конгрес бил курир на штабот заедно со Ѓорѓија Чуран и биле задолжени за пречек и испраќање на војводите и комитите, при една таква задача имал должност да го пречека и сигурно да го извади од Смилево војводата Горѓи Сугарев. Груевски почина во Битола 1984 на 103-годишна возраст.

Македонска ризница

Слика 1

Од лево на десно: професор Др. Душко Константинов, Илија Груевски и двајца стари илинденци кои учествувале во Илинденското востанието. Во позадина е изградбата на споменикот за Илинденците од вториот Илинден.

Слика 2

Фамилијата од родот на Даме Груев сликани во Смилево

Слика 3

Свадбата на Илија Груевски 1915/16 година во село Смилево

Слика 4

Илија Груевски некаде 1963-1964 кога од Смилево се преселил во Битола

Редакција

Македонска ризница

Плодотворните аспекти на точкастите елементи зрна или јајца – застапени во македонската традиционална орнаментика

Покрај тоа што претставува интегрален дел на кружните соларни симболи, точката се јавува и како еден од симболите на плодноста, во најзината зачеточна фаза. Во многу традиционални култури, ликовно-морфолошките аспекти на точката се определуваат во контекст на значењето на зрното т.е. семето и сите негови симболички и семантички аспекти.

Примери од овој тип во кои се манифестирани плодотворните аспекти на точката среќаваме во везовите на женските кошули од регионот на Битолско-Прилепско Поле и Мариовско, за кои е карактеристична појавата на ситни, жолти или бели точкасти елементи именувани како *зрно* т.е. *зрна*. *Зрната,* поставени низ целата везовна композиција, се јавуваат како дополнителен, елемент на доминантните мотиви /сл. 1, 2, 5 -11/. Како пример ќе го посочиме мотивот (*ж'токите* т.е. *ж'еточки*), застапен на везот од бојовите кај женските кошули од Мариово, кој во целост е исполнет со ситните елементи наречени *зрна* /сл. 1, 2/ Сличен на него е и везот на *бојот* од женската кошула *трите главки* (*трите глаи*), од Мариово. Мотивот е орнаментиран со три жолти зрнести елементи (изведни во техниката *орано - со три кинати*),[1] поставени во горниот, средишен елемент - *главата*, два странични на *коренот*, како и по еден на мотивот *уши* и *с'пец* /сл. 1/ Мотивот *ж'токите*, често застапен во орнаментиката на бојовите (т.н. *ж'токите*) на женските кошули од овој регион, се изработувал во техниката на *орано, писано* или *виено*. Со слична структура (составена од една *глава* и *корења*) е мотивот од орнаментиката на бојовите на женските кошули од Битолско, со таа разлика што кај него отсуствуваат ситните зрнести елементи (односно нивната појава е редуцирана) /сл.3/. Везот е изработен во техниката *орано-полнето-трепитено* и *чикме* (соединувачкиот шев) со волени нитки во *алска, ал-ѓувезна, сињаѓувез, сиња* и зелена боја.[1] Речиси идентичен со него е и мотивот застапен во орнаментиката на бојот *корењето* од женските кошули од овој регион.[2]

За разлика од посочените мотиви од овој тип, мотивот *ж'токите* од Бешишта (Старо Мариово), е крстовидно оформен, составен од четири елементи (*глави*) /сл. 4/. Овие елементи, во средишниот дел и центарот се дополнети со ситни точкасти елементи (*зрна*) во жолта боја.

[1] Теренски материјал собран на 19-28.07.1955, од А. Крстева, с. Витолиште, Старо Мариово. АИФ папка бр 30, рег.бр. 287.

[2] Податоците се предземени од: А. Крстева, Македонски..., 1975, сл. 75.

Мотивот застапен на раквниот вез од женските кошули, е изработен со волени нитки, на памучно платно, во *алова* и *ѓувезна* боја, на црна основа, со акценти од жолта и бела боја. Изработен е во техниките *орано, п'нето, лево, сукан* и *клучен метилок* и *уплет.*[3] Со сличен назив, но со поинаква крстовидно расчленета форма (со *рокчиња*), се мотивите застапен во орнаментиката на ракавниот вез од женската кошула од с. Старавина, именуван како *ж'тките*. И тука, како и кај останатите везови од овој тип, мотивот е декориран со ситни зрнести елементи во жолта боја. Од внатрешната страна, везот на *ж'токите ракави* е оформен со ситни мотиви во вид на стилизирана гранка (*мушичките*). Изработен е во техниката *орано, п'нето, сукан* и *клучен метикок* и *уплит.*



[3] Мотив *в'чката дира* од орнементиката на бојот *корењето* од женска кошула, Битолско, АИФ инв.бр. 1513 цртежи. Вез на бој *корењето* од женска кошула, мотив *ж'токите* или *трите главки,* Битолско, АИФ инв.бр. 1513 цртежи

За разлика од наведените примери, каде жолтите точкасти елементи (*зрна* или *јајца*) се јавуваат во поредуцирана форма, во везбената декорација на *бојовите* и долницата на женските кошули од Мариовско, тие се доминатни, распоредени низ целата везбена композиција. Пример од овој тип е кошулата *трите глаи* од с. Ореово (Мало Мариово), каде везот на бојот *корењето* и околното - *трите глаи,* е оформен со ситни точкести елементи, во жолта боја (*јајце*)[4] /сл.11/. Нагласеното присуство на овие елементи, особено кај невестинската *црнета кошула* (Мариово, сл. 6) ја покажува неговата декоративна улога (да ја краси и разбива монохромната површина на везот, во која доминираат црните или темно црвени орнаментални елементи). Сметаме дека, тој воедно функционирал и како знак т.е. симбол.

Поаѓајќи од терминологијата на овој елемент и неговото значење, може да заклучиме дека станува збор за еден од основните, архаични симболи на плодноста, изразена во неговата потенцијална, зачеточна фаза. Во митологијата на многу култури, зрното се поврзува со земјата и нејзината способност да раѓа и возобновува. Во аграрните култури, каде зрното е основна храна, нему му се припушува магиска моќ. Тоа е воедно и храна и фактор на оплодувањето. Како еманација на плодноста и потворното раѓање, своето значење тоа го остварува во корелација со небото и земјата - небесната моќ за оплодување и хтонските плодотворни сили на земјата. Токму затоа, зрното се јавува како еден од најмоќните

[4] Околно и бој од женска кошула, *трите глаи.* Мотиви: *трите глаи* – околно, *орлеанските*- бојот, с. Ореово, Мало Мариово, АИФ 1527 цртежи.

симболи на регенерација и продолжувањето на животот по смртта. Неговата смрт, овозможува нов живот, *ако зрното пченично не умре, останува само; а ако умре - ќе донесе нов плод.*[5] Благодарение на ваквата особеност, зрното како симбол ја остварува врската помеѓу животот и смртта. Согласноваквото значење, во многу древни култури (Кина, Стариот Рим, Средниот Исток и Древен Египет), зрното се јавува како значаен елемент во погребните церемонии. Во тој контекст, неговото значење ја одразува надежта за нов живот која подеднакво се однесува на луѓето и на растенијата.[5] Слична конотација, овој симбол има и во рамките на средновековната култура (накитот и елементите на ликовната уметност).[6]

Мотив на дрвото од килим *јавори*, Нов Дојран, АИФ 6329, фото - Тип 1

[5] Евангелие според Јован, 12 : 24.

Со слично значење - како симбол на плодноста, вегетативната сила, бесмртноста и возродувањето, зрното се јавува и во словенската традиционална култура.[7] Во календарните и семејни обреди тоа има заштитина и стимулативна функција, меѓу другото манифестирана и преку разни форми на ритуално јадење. Неговата вегетативна сила ја препознаваме во обредот *мешан бериќет* (Кумановско), изведуван на Св. Варвара, кога се подготвувало обредно јадење - каша од разни видови зрна (*панспермија*).[8] Вака подготвената храна, се јадела наутро пред да се замине на работа во нивите, со верување дека овој чин посевите ќе ги заштити од суша и ќе им обезбеди плодност и изобилен род. Плодотворната сила и моќ на зрното може да ја согледаме и во обредите на посипување на луѓето со зрна, практикувани за време на Божиќните празници (*Коледе, Бадник*), раѓањето на Богородица (*Рождение на Богородица*), како и во некои свадебни обичаи поврзани со доаѓањето на невестата во новиот дом (Украина, Македонија). Во таа насока оди и подготвувањето на обредните лебови (*пупче, кравајче, сваќа* и сл.), и другите видови житна храна. Сакрална улога на зрното, како еманација на вегетативната сила и плодност може да ја согледаме и во обредот заплетување на последниот сноп жито, т.н. *плетење брада, божја брада* или *китка*,[8] практикуван во Македонија, Бугарија, Србија т.е. првенствено кај источните и јужните Словени.[8]

[7] За симболиката на зрното во словенската традиционална култура види: В.В. Усачева, Зерно, во: Славянские.., том 2, 324-327.

[8] А.А. Плотникова, Панспермия, во: Славянские.., том 3, 621.

Мотивот на класјето, како една од манифестациите на зрното го среќаваме во орнаментиката, на пример во повеќедиплените килими наречени *лисјето, јавори, рачките, цветниот* (и други слични примери од истиот тип).[9] Кај посочените килими, класот се јавува како дел од стилизираната слика на дрвото, често во корелација со ромбовидниот мотив со краци наречен *китки* (килим *јавори*, Дојранско /сл. 12/ кој е истоимен со обредната „житна кукла" *китка*. Оттука, сметаме дека аналогиите кои се јавуваат на планот на називите (*китка – китки*) се во контекст на нивната некогашна истоветност, која во случајов ги изразува аспектите на аграрната магија. Како симболи на житото, и воопшто на житните култури, тие ја изразуваат идејата за плодност и изобилие[10] која, ставена во контест на дрвото, добива и одредено космогониско значење (слика на Космичкото Дрво). Интеференцијата на овие елементите, на ликовен и морфолошки план, може да ја третираме како израз на нивната полифункционална семиотика во која е содржана идејата на цикличното возобнувањето на природата.

Освен како симбол на богатството и благосостојбата на домот и заедницата, зрното има и прочистителна функција. Покрај наведените обреди на посипување со зрна во прилог на тоа говорат и обичаите на капење на новороденчето во вода во која се потопени житни зрна. Особено значајна е и неговата улога во аграрната магија поврзана со „раѓањето" на житото, но и воопшто вегатабилната плодност. Таков е обичајот регистриран во Ѓевгелиско, каде пред засејувањето на нивата, во садот во кој се наоѓале зрната наменети за засејување се спуштал прстен врзан со црвен конец. Со извршувањето на овој чин се верувало дека земјата ќе роди повеќе жито.[11] Апотропејаската фукнција на зрното може да се согледа и во посмртните обичаи, а значајна улога за тоа има и во обредите поврзани со заштитата и исцелувањето на луѓето и добитокот, во народната медицина и гатањето.[11]

Поаѓајки од ваквите ставови, појавата на елементот *зрнца* т.е. *јајца*, во орнаментиката на женската носија од Македонија стапува во корелација со неговата симболика на извор на животната сила и плодност. Нивниот обредно-магиски карактер, во насока на потенцирање на плоднотворната моќ се согледува во зголемениот број на ромбовидни мотиви и точкасти елементи со кои се украсувале женските кошули, долниот ткаен дел на женските крпи за глава (*обруси*), калци, чорапи и и друг вид облековни предмети од регионот на Мариово, Битолско и Прилепско Поле. Бројот на *зрната* се зголемувал во зависност од фертилната моќ на жената. Доколку била постара, носела кошула орнаментирана со ромбовидните мотиви, украсени *со четири* или најмногу *со пет зрнца*. Девојките и невестите кои биле во зенитот на својата животна сила и фертилна моќ, носеле кошули, убруси, калци и сл. орнаментирани со седум или *со девет зрнца* (невестите) /Б9 : 2-5/. Вообичаено, со овие мотиви се орнаментирала долницата, колирот (*затилок*) и предницата (пазувите на женските кошули), делови од телото кои се поврзуваат со идејата за плодност. Во

[9] Р. Величкова, Жетварското пеење..., 34-35.

[10] Види: О. А. Терновская, Борода, во: Славянские..., том 1, 231-234.

[11] Види во понатамошниот текст.

таа насока, Б. А. Рибаков[12] потенцира дека во традиционалната култура на некои словенски народи (украинци, руси, белоруси итн.) *ромбично - точкестите* мотиви се среќаваат исклучиво во орнаментиката на кошулите наменети за помлади жени, а отсуствуваат кај останатите возрасни и полови групи. Овие мотиви, иако во редуцирана форма се застапени и во македонските везови и тоа во орнаментиката на кошулите, сокаите, убрусите и другите видови текстилни предмети, наменти за повозрасни жени, при што е мошне индикативно нивното изоставување во рамките на везовите од детската и машка облека.

За да ја истакнеме плодотворната моќ на овие и останатите (во најголем дел ромбовидни) мотиви со кои се орнаментирале женските кошули ќе наведеме уште еден обичај практикуван од помладите девојки и жени од Мариово. Како составен елемент на својата празнична носија, тие вообичено под пазувите на горната облека (*саѓија* или *саја*), од левата страна, носеле црвено јаболко, при што црвената половина од јаболкото требало да се надзира.[12]

Семантиката на зрното, ромботи јаболкото, поставени во пределот на пазувите, упатува на врската со женската плодност. Акцентирањето на пазувите, со елементи и мотиви кои ја аспектираат плодноста и репродуктивна симболика (*булките, петълте* - Разград), пронаоѓаме и во орнаментиката на постарите типови на Чувашските, Маријските (Русија) и Разградските (Бугарија) женски кошули. Карактеристична за сите нив е појавата на вез во пределот на пазувите, со мотиви во форма на розета или крстовидни мотиви, расечени во пределот на градите. Според везот на пазувите, чувашските кошули, Н. Грикова ги класифицира во три типа: *момински, мајчински* и *вдовичен*, укажувајќи на можноста тие да претставуваат остатоци на родовската заедница и нивната диференцијација според пол и возраст.[13] Одредени аналогии со овој тип кошули таа пронаоѓа кај Маријците (с. Чураево, Бирски кантон, Башкирска област), кои своите кошули, во пределот на пазувите ги орнаментирале со вез во форма на розета (*ордиш-тамга* во превод *ребрен знак*). Овој термин се однесувал само на кружниот мотив поставен во центарот на розетата, кој требал да се совпадне со брадавицата на жената. Според укажувањата на информаторките, мотивот *ордиш-тамга* имал апотрпејска функција насочена кон заштита на доилката и нејзиното млеко.

Иако во македонската традиционална култура овој тип кошули отсуствува, сепак појавата на акцентирање на пазувите со разни мотиви и елементи кои имаат нагласена репродуктивна симболика, упатува на можната врска со посочените поархаични типови кошули, застапени во традициналната култура на народите од поширокиот индоевропски или евро-азиски ареал. На ваквата констатација не упатуваат посочените примери, меѓу кои и појавата на мотивите *зрна* во женската носија од Битолскиот, Прилепскиот и Мариовскиот регион, како симбол на вегетабилната сила и фертилитет. Во прилог на ова треба да се напомене и појавата на издолжени (фалусовидни) мотиви застапени во орнаментката на некој типови невестински горни облеки, и тоа исклучиво во пределот на (под) пазувите. Не е исклучено во нив да била кодирана

[12] Види: Б.А Рыбаков, Язычество..., 1981, 32.

[13] А. В. Гура, Коитус, во: Славянские.., том 2, 524-527.

машката плодотворна моќ која во овој случај се нашла во пределот на женските пазуви поради нивната морфолошка сличност со гениталната зона .

Појавата на црното во везот на женската носија е во контекст на неговите симболички функции и вредности, како симбол на плодноста, кој ја остварува врската помеѓу земјата и жената**: зрно = раѓање = плодност.** Токму затоа, во наведените везовни композиции, карактеристични за женските празнични и венчални кошули од посочените региони, мотивот *зрна* се телкувани како симбол на женската плодноста и зачнувањето, а нивната појава највпечатливо ќе биде изразена во контекст на ромбовидните мотиви, карактеристични за целокупната традиционалан орнаментика.

БИБЛИОГРАФИЈА

1. **А. Крстева, Македонски..., 1975, сл. 75**; Македонски народни везови, избор и текст: А. Крстева, Институт за фолклор, Скопје, 1975.
2. **Џ. Тресидер, Речник..., 81-82;** Џ. Тресидер, Речник на симболи, ТРИ, Скопје, 2001.
3. **Б. А. Рыбаков, Язычество..., 1987, 574- 578;** Рыбаков Б.А., Язычество древней Руси, Наука, Москва, 1987.
4. **В.В. Усачева, Зерно, во: Славянские.., том 2, 324-327;** В.В. Усачева, Зерно, во: Славянские древности, том 2, РАН - Институт славяноведения и балканистики, Москва, 1995, 324-327.
5. **А. А. Плотникова, Панспермия, во: Славянские.., том 3, 621;** А. А. Плотникова, Панспермия, во: Славянские древности, том 2, РАН - Институт славяноведения и балканистики, Москва, 1995, 625-628.
6. **Р. Величкова, Жетварското пеење..., 34-35;** Р. Величкова, Жетварското пеење во Македонија, ИФ Марко Цепенков, Скопје, 2002.
7. **О. А. Терновская, Борода, во: Славянские..., том 1, 231-234**; О. А. Терновская, Борода, во: Славянские древности, Москва т. 1, 1995, 231-234.
8. **Б.А.Рыбаков, Язычество..., 1981, 32.;** Рыбаков Б.А., Язычество древних Славян, Наука, Москва, 1981.
9. **А. В. Гура, Коитус, во: Славянские.., том 2, 524-527;** А. В. Гура, Коитус во: Славянские древности, том 2, РАН - Институт славяноведения и балканистики, Москва, 1995, 524-527.
10. **В.С. Радовановић, Народна ношња... , 1936, 190;** В. С. Радовановић, Народна ношња у Маријову, Гласник скопског научног друштва, књ. XV-XVI, Скопље, 1936, 127-208.
11. **И. Коев, Българска…, 121**; И. Коев, Българска везбена орнаментика, БАН, София, 1951.
12. **Н.П. Гринкова, Родовые..., кн.2, 33-36;** Гринкова Н.П., Родовые пережитки..., связаные с разделением по полу и возрасту, Советская этнография, кн.2, Москва,1936, 33-36.

ИЛУСТРАЦИИ

Сл. 1 Мотив *ж'токите* или *трите главки* од долница на женска кошула, Мариово
Сл. 2 Бој *ж'токите* и околно *в'чката трага* од женска кошула, Мариово
Сл.3 Бој од долница на женска кошула, Битолско, с. Буково, Битолско АИФ 1, текстил
Сл.4 Вез на пазуви од невестинска горна облека – *бело цубе*, с. Бороец, Струшко, АИФ 1337, слајдови
Сл.5 Вез од ракав на женска кошула, мотиви: *ж'токите*, *поткршени крилца* и *копита*, с. Бешиште, Старо Мариово, АИФ 1592, цртежи

Сл. 6 Вез на ракав од невстинска *срнета кошула*. Мотиви *зрна* и *вејка,* Мариово

Сл.7 Јака и пазуви - *затилок* и *предница* од женска кошула, Мариово

Сл.8 Женски плетен чорап, на стапалото оформен со мотивот *шуто гумно*, Мариово (детал)

Сл.9 Женски плетен чорап, мотиви: *лучеви* и *ресено гумно* на стапалото Мариово, (детал)

Сл.10 Женски калец за на рака, мотиви: *зобалка со девет зрнца*, Мариово

Сл.11 Околно и бој од женска кошула, *трите глаи*. Мотиви: *трите глаи* – околно, *орлеанските*- бојовите, с. Ореово, Мало Мариово, АИФ 1527, цртежи.
Сл.12 Повеќедиплен килим *јавори*, Нов Дојран, АИФ 6325, фото.

Децата бегалци

Историја што плаче да биде кажана

Во последните десет или петнаесет години, размислував: кого ќе го засега најмногу да напише книга за Децата бегалци од Егејска Македонија, децата врз кои најмногу влијаеше Граѓанската војна, 1946-1948, во Грција? И еве сме: на мое изненадување, авторите не се ниту од Македонско ниту од Грчко потекло. Кога слушнав за децата од Грчката Граѓанска војна од Лоринг М. Данфорт (Loring M. Danforth) и Рики Ван Бешотен (Ricki Van Boeschoten), помислив: колку можат да знаат за овие деца од северна Грција кои не зборуваат грчки туку само македонски? Животот на децата бегалци беше и сè уште е многу комплицирана политичка дебата, и вистинското разбирање



на овие настани страдаше многу од рацете на грчката влада и нејзината пропагандна машина. Проблемот стана како јазол на старо јаже кое што се дели на конци кога ќе се обидете да го одврзете. За мене лично, грчката граѓанска војна започна во 1946, но сè уште продолжува денес, бидејќи јас сè уште неможам да се вратам во куќата на моите родители, или тоа што е останато од неа.

Да се напише приказната за овие деца, и да се документира ерата пред, за време на и после „евакуацијата", беше потребно значително многу патување околу светот. Децата бегалци (кои нормално сега се возрасни) раширени се до Австралија, Централна Азија, Источна Европа, Америка и Канада, така што пишувањето на книга како оваа е монументално достигнување, посебно ако сте имале намера да ја напишете на тој начин што ќе им помогне на читателите да разберат и да почувствуваат низ што поминале децата бегалци. Беше потребно многу работа, трпение, одлучност и најмногу од сè страст за вистината. Но, Данфорт и Ван Бешотен никогаш не се предадоа додека јазолот не стана лабав. Со нивната напорна работа и одлучност, стапките на децата бегалци се означени на начин кој што предизвикува восхит. Со преку 100 интервјуа, нивниот труд покажува, без преседан, што им се случило на тие деца. Всушност толку е добро документирано што ми помогна да го разберам моето патување подобро. На 12 февруари 2012 година, Лоринг Данфорт дојде во Торонто поканет од страна на Канадско-македонското историско здружение. Просторијата беше преполна, и повторно бевме како млади студенти, нетрпеливи да научиме. Подоцна, кога ја разгледував мојата копија, страна по страна, се потсетив на приказните од мајка ми; приказни за италијанската и германската инвазија, и подоцна, граѓанската војна, приказни за интензивното бомбардирање на нејзиното село од страна на грчката војска, за нејзиното одделување од саканите, и за предвремената смрт на мојот биолошки татко. Како што ја вртев секоја страна, повторно бев во нејзините прегратки, заедно со уште 20 деца од Желево, на пат кон Романија,

додека некои од членовите на нејзиното семејство останале во егејска Македонија, а други на брод за Канада... на сè се сетив, ми се врати како поплава од емоции. Книгата одлично објаснуваше како на Македонците не им било дозволено да се вратат дома во своите села во Грција, како и во мојот случај. За жал има многу малку податоци во книгата за периодот пред 1946-1948, кога на нашите луѓе им било забрането да го зборуваат својот мајчин македонски јазик и биле приморани од државата и од грчката православна црква, кои што работеле заедно, да научат грчки. Во тоа време нашите земји биле преплавени од мрежа на шпиуни и платени информанти, и нашите луѓе биле тепани или ставани во затвор ако ги фателе да зборуваат македонски. Настаните пред 1946 и настаните за време на граѓанската војна не се добро поврзани, посебно за македонските деца бегалци, па за ал тоа е пропуст. На пример, "bourandathes" играле голем дел во помагањето на Монархистите за време на Граѓанската војна. Тие биле посебен вид на грчки полицајци од југот кои биле доделени по еден на секое македонско село и го надгледувале. Тие надгледувале што се случува, и го забранувале македонскиот јазик и музика. Гледале чиј сопруг или татко е отсутен бидејќи тоа значело дека тие може да се со Партизаните, и често ги затварале во затвор нашите луѓе без некоја посебна причина, често само за да побараат мито од нивните фамилии за да им ги ослободат саканите. Многу Македонци, вклучувајќи го и татко ми, биле затварани во тоа време. Според мајка ми, за зборот „комунист" немале слушнато во нејзиното село пред Граѓанската војна. Моите родители и моите баби и дедовци немале појма за „левото крило" и „десното крило". Дедо ми дошол во Канада во доцните 1800 години со британски пасош, водел успешен бизнис, и патувал напред назад до неговото село Желево секои три години. Меѓутоа наскоро станал жртва на Граѓанската војна. За време на неговата последна посета кога дошол да ја земе неговата фамилија од Грција, бил фатен од грчката полиција и бил испратен во еден од најнечовечните затвори во Грција, на островот Гира. Умрел таму, и подоцна го закопале некаде во Атина. Фамилијата на татко ми била добро снабдена. Имале голем број на овци и кози а татко ми имал кафетерија во селото, па зошто би бил комунист? Па, татко ми како и многу други како него едноставно биле против грчката монархија. Дури и оние без инклинации кон левото крило верувале дека грчката комунистичка партија на крајот ќе ја признае македонската заедница во Грција, бидејќи тоа го ветиле, и дека ќе можат да ја стават Метаксас- ерата на угнетување во минатото. Нашите луѓе им верувале на овие ветувања, дека после војната ќе им дадат на Македонците подеднакви права. Во книгата на Данфорт се истражува оваа тема но, јас би сакала да имаше ставено акцент на животот пред грчката влада да почне да ги бомбардира селата, со помош од Британија и САД. Грчката граѓанска војна беше класична алтернативна војна, една од многуте што следеле под Трумановата Доктрина, која што беше базирана на официјалното правило на Ладната војна, репресија. Имам само едно нешто од татко ми на овој свет, а тоа е писмо, адресирано на мајка ми, напишано од грчки затвор, од 1946. Во него, јасно е кажано како грчката армија го користела обвинувањето „партизан" за да го затвори било кој Македонец. Исто така за полицајците поединечно тоа било добра работа бидејќи можеле

да бараат огромни суми на пари за ослободување на затворениците, и тие пари оделе во нивните џебови. Татко ми умрел не долго после пишувањето на тоа писмо. Мајка ми ме однесе со уште 20 деца од Желево сè до Романија. Имав многу среќа што бев со неа, бидејќи имав само 9 месеци, но брат ми немал толку среќа. Брат ми го однеле во Чехословачка; имаше 10 години пред да нè соединат од Црвен крст. Една од бабите ја однеле во Полска, каде и почина, и останатиот дел од фамилијата бил расфрлен насекаде низ светот: Југославија, Унгарија, Советскиот сојуз, Романија и Канада. Како што е документирано во книгата, децата бегалци на 14 годишна возраст и постари биле поттикнувани од страна на Партијата да се вратат и да се борат, и од многу мајки, како и мајка ми, комунистичката страна барала да се вратат во Грција да се борат. Но, мајка ми очајнички го барала брат ми, сакала да се сретне повторно со нејзините браќа и сестри. Во нејзиниот случај, се согласила да се омажи за Грк комунист кој што бил инвалид, но кој што имал врски. Мислела дека ќе биде привремено но, тоа било голема грешка. Како резултат на ова, растејќи во Романија, моето македонско потекло беше сокриено од мене, и како и многу деца ме учеа дека сум Гркинка и никогаш не ми беше дозволено да научам македонски. Со години не го ни разбирав моето етничко наследство. Како што кажуваат авторите на книгата комунистичката партија во Романија под Чаушеску била една од најкорумпираните. Како резултат на тоа, романската власт, контролата врз скоро сите македонски деца бегалци во Романија им ја предала на агенти од грчката комунистичка партија. Со тек на време, грчките комунисти користеле се повеќе и повеќе контрола, како што започнале повеќе евакуации и раселувања. После 1950, семејствата почнале да ги раселуваат низ многу градови во Романија. И во секој град имале 'organosi' или агенти од грчките комунисти, кои што биле задолжени да ги контролираат бегалците, каде што тие што говореле грчки и тие што говореле македонски оделе на различни места. И овие преместувања се случувале постојано. На пример, мене ме преместија шест пати. Едно од најлошите места беше Моинести, град кој што беше напуштен после германската инвазија. Стотици од нас беа преместени таму, изолирани од сè. Сеуште имаше барикаде насекаде каде и да погледнеш. Имавме железни кревети, со една кујна што ја користевме 20 до 30 семејства, и турски бањи кои што ги користеа 100 луѓе. За нас беше како војната

никогаш да не завршила. Подоцна во мојот живот, почнав да се чувствувам толку луто за тоа како нашите луѓе живееа во такви неправедни услови, за време на долги ладни зими, далеку од цивилизацијата, далеку од животот. Мажите работеа во рафинериите за бензин, многу тешка работа каде што заминуваа рано наутро и се враќаа доцна. Одењето на училиште претставуваше предизвик, требаше да се пешачи долго во снег над колена. Огромна ограда го заобиколуваше кампот, а влезот во кампот беше висока метална врата слична на некоја што можете да ја видите на концентрационите кампови на Хитлер. Во ова ужасно место конечно го сретнав брат ми, кој што ни го донесоа од Црвен крст. Но, не можевме да комуницираме со месеци, бидејќи мене очувот ме научи грчки додека пак тој говореше македонски и исто така научил чешки. Живеевме во ова оддалечено место од околу 1952 до 1963, не само без телевизор туку и без топла вода. На страна 74 од книгата, има важен дел каде што пишува дека наводно сме добиле накнада за облека и медицинска грижа од романската влада, како и џепарлак за ненадејни трошоци. Во мојот случај, ако Романците воопшто пратиле пари, јас секако не добив ништо од тоа, ниту пак облека. Години подоцна, сватив дека оваа политика на плаќање беше причината моето име официјално да биде променето од Ники Стефо во Ники Лазарова и ме испратија во грчко средно училиште во Букурешт наречено грчка гимназија (Eliniko Gimnasio). Причината за промената на името беше поради тоа што агентите од грчката комунистичка партија добиваа фиксна сума на пари за секое дете што можеле да докажат дека е сираче, така што со менувањето на моето име парите што биле за мене можеле да ги земаат два пати. Исто така во 9 одделение открив дека грчиот татко воопшто не ми бил татко и дека мојот вистински татко умрел во војната, и поради тоа ме сметале за сираче. Завесата почна да паѓа, и јас го започнав долгото патување на откривање на мојот идентитет. Имав само една школска униформа и еден пар чевли. Во лето патував со воз 8 часа до дома, криејќи се помеѓу купеата. Во интернатот во Букурешт престојував со 50 девојчиња и многу денови и ноќи си легнував гладна. Се сеќавам во 1965 матурирав и отидов да си ја земам дипломата од средно во Букурешт. Ми рекоа дека ќе биде спремна следниот ден, но немав каде да спијам. Така останав на градските гробишта со пријателка, сè до утрото. Во книгата спомнато е дека децата од источните земји можеле да го продолжат своето образование на ниво на универзитет. Но само фамилии на висока позиција во партијата ги имаа тие можности за нивните деца. Додека бев во средно училиште не можев да сфатам зошто грчката амбасада не ми даваше виза да ги посетам моите баба и дедо, кои сеуште беа живи во Андартико (Желево), во северна Грција. Се сеќавам, после неколку посети, вработен во грчата амбасада во Букурешт ми рече „ти никогаш нема да се вратиш назад", бидејќи мојот народ бил виновен за војната. Имав очув кој што беше грчки комунист и знаев само грчки, така што требаше да бидам една од среќните кандидати што требаше да ги продолжи студиите. Меѓутоа, со презиме Лазарова никогаш не добив виза да ги посетам моите баба и дедо. Додека бев во средно училиште на вечер се искрадував од спалната и се криев на таванот за да слушам Радио слободна Америка или германска радио станица. Не разбирав ништо

на англиски но некако тонот на гласот на радиоспикерот ми значеше нешто. Враќањето во родната земја споменато во книгата, идејата за одење дома, каде и да беше дома, не постоеше како опција за мене. Бев слушала гласини за време кога ќе можеме да си заминеме, но за мене, дестинацијата беше некоја западна земја во Европа, не назад во Македонија или Грција. До тогаш знаев доволно за Западните и Источните земји, имав слушнато за тоа многу пати на таванот. Мојата прва посета во Македонија беше во 1967 но беше во северниот дел кој што тогаш сè уште беше под Југославија. Бев во посета само два месеци што беше доволно да знам дека ова не беше земјата во која што треба да одам. На тоа патување мојот очув ме прати да ги проверам нашите документи, бидејќи планираше да емигрираме во Југославија. Но зошто мојот очув сакал да ја напушти Романија за Македонија? Никогаш не му го поставив прашањето на тој човек кој што еднаш и рече на мајка ми "aftin ti giftiki glossa tha ti mi-lisete sto spiti," што значеше „нема да го користиш тој цигански јазик во мојата куќа". Во 1980, дознав зошто, но тоа е друга приказна. Моето второ патување надвор од Романија беше во 1968, кога сонував да отидам во Италија. Но бев премногу млада, полицијата ме малтретираше и на крајот ме вратија во Романија. Многу од бегалците се населија во денешна Република Македонија, како што е објаснето во книгата. Во 1969, јас станав една од тие имигранти кои што беа сместени во Тетово, каде што Албанците не надбројуваа. Децата бегалци уште еднаш беа жртви, овој пат од корумпирана власт во Југославија. Семејства од егејски Македонци кои што пристигаа од Романија, Полска, Унгарија и Русија повторно беа ставени назад во бараките, фрлени во една зграда, и дури после огромна битка добивме наши станови. Се запрашав, зошто ја напуштивме Романија? Тропнав на многу врати за помош, за образование, за работата која што ни беше ветена, и бев поздравена со се од негрижа до незаинтересираност до сексуално злоставување. Еден многу добро познат Југословенски политичар дури проба и да ме заведе, и одлучив да си заминам. После две години со разочарување во Југославија, во 1971 се вратив во Романија, каде што го сретнав мојот сопруг. Се до 1974, се докажа дека тоа беше уште едно болно поглавје во мојот живот, бидејќи се борев со бирократијата да ги извадам мојот романски сопруг и ќерка надвор од Романија. Во 1974, мојот сопруг конечно доби излезна виза да го посети „моето семејство" во Тетово, но всушност ние заминавме во Траискирхен камп за бегалци, не далеku од Виена, во Австрија. Во 1975, јас емигрирав во Канада, каде што започнаа следните две поглавја од мојот живот, започнувајќи со периодот кој што го поминав во Торонто во општество што говореше грчки. Конечно, и посебно после 1990, почнав да го процесирам

откривањето за моите добро сокриени корени, и сфатив дека сум Македонка, и сфатив што значи да бидеш Македонец. Бев во можност да го направам тоа бидејќи бев волонтер во место дом за старци за Канаѓани Македонци, канадско-македонско историско друштво, македонската православна црква Св. Климент, македонскиот филмски фестивал и споделувањето на мојата приказна со Македонците што ги среќавав. Никогаш нема да го заборавам коментарот на Марија Тодорова, уште една од децата бегалци, чија што приказна е документирана во книгата. Таа рече: времето е зрело за започнување на процесот на помирување со Грците, и делото на Данфорт и Ван Бешотен ќе ни помогне да отидеме по тој тежок пат. Тоа е храбра изјава и добро кажана но, пред да го направиме тоа, мислам дека треба да се помириме самите помеѓу себе, сите Македонци да бидат едно без разлика дали живеат во Републиката, во Егејска Македонија, во Пиринска Македонија или во многуте општества од распространетата македонска дијаспора. Помирувањето со Грците, и со грчката влада, ќе бара многу време и трпение но, се надевам дека ќе видам некаков напредок во текот на мојот живот. Првиот чекор, како што рече Марија, е да се преиспита историската вистина што всушност им се случило на нашите луѓе во Грција, и што всушност им се случило на Децата Бегалци.

Ники (Лазарова) Лакатус

The Deca Begalci

A history that cries out to be told

For the past ten or fifteen years, I have been thinking: who will care enough to write a book about the Refugee Children of Aegean Macedonia, the "Deca Begalci" (DEH-tsa BEG-al-tsi), the children who were the most affected by the Civil War, 1946 -1948, in Greece? And here we are; to my surprise, the authors are neither of Macedonian nor of Greek descent.When I heard about The Children of the Greek Civil War, by Loring M. Danforth and Ricki Van Boeschoten, I thought: how much could they know about these children from northern Greece, who spoke no Greek, but only Macedonian? The life of the Deca Begalci was, and still is, a very complicated political debate, and true understanding of these events has suffered greatly at the hands of the Greek government and its propaganda machine. The issue has become like a knot in an old rope, which frays into threads when you try to undo it. For me personally, the Greek Civil War started in 1946, but it still continues today, as I still cannot go back to the house of my parents, or whatever is left of it.

To write the story of these children, and to document the era before, during, and after the 'evacuation' period, required significant world travel. The Deca Begalci (who naturally are all now adults) were spread out as far away as Australia, Central Asia, Eastern Europe, the U.S.A. and Canada, so writing a book like this is a monumental achievement, especially if you intend to write it in a way that helps readers understand and feel what the Deca Begalci went through. It took a great deal of work, patience, determination and most of all, a passion for the truth. But, Danforth

and Van Boeschoten never gave up until the knot had started to come loose. With their hard work and determination, the footsteps of the Refugee Children are traced admirably. With over 100 interviews, their effort tells what happened to those children in an unprecedented way. It is so well documented, in fact, that it has helped me to understand my own journey better.On February 12, 2012, Loring Danforth came to Toronto at the invitation of the Canadian Macedonian Historical Society. The room was packed, and we were like young students again, anxious to learn. Later, as I poured over my copy, page by page, my mother's stories came rushing back to me; stories of the Italian and German invasions, and later, the Civil War, stories of the intensive bombing of her village by the Greek Army, of her separation from her loved ones, and of my biological father's untimely death. As I flipped each page, I was in her arms again, together with over 20 kids from Zhelevo, on the way to Romania, while some of her family members were left behind in Aegean Macedonia, and others were on boat for Canada... it all came back to me, like a flood ofemotion.The book did an excellent job of explaining about how the Macedonian children were not allowed back home to their villages in Greece, as is my case. Sadly, there is very little history in the book from the period before 1946-1948, when our people were prohibited to speak their native Macedonian language, and forced to learn the Greek language, by the State and the Greek Orthodox Church, working hand in hand. In those days, our lands were filled with a network of spies and paid informants, and our people were beaten or jailed if they were caught speaking Macedonian. The events before 1946, and the events of the Civil War itself are not very well-connected, especially for the Macedonian refugee children, so it's an unfortunate omission.For example, the "bourandathes" played a big part in helping the Monarchists during the Civil War. This was a special kind of Greek police officer from the south, who was assigned to each Macedonian village, and who was in charge of monitoring it. They watched what was going on, and prohibited the Macedonian language and music. They watched out for whose husband or father was missing, because that meant he might be with the Partisans, and they often took our people to jail for no reason, often only so they could ask for bribes from their families in order to release their loved ones. Many Macedonians, including my father, were jailed in those times.According to my mother, the word 'communist' was unheard of in her village before this Civil War. My parents and my grandparents had no clue about "right wing" and "left wing". My grandfather had come to Canada in the late 1800s with a British passport, ran a successful business, and traveled back and forth to his native home village Zhelevo every three years. He would eventually become a victim of the Civil War, however. On his last visit to take his family out from Greece, he was captured by the Greek police, and sent to one of the most inhumane jails in Greece, on the island of Giura. He died there, and was later buried somewhere in Athens.My father's family was well off. They had a large number of sheep and goats, and my father was running a coffee shop in the village, so why would he have been a 'communist'? Well, my father, as with many like him, was simply against the Greek monarchy. Even those without any leftist leanings believed that the Greek Communist Party would finally acknowledge the Macedonian community in Greece, because that is what they had promised, and that we would be able to put the Metaxas-era oppression into the past. Our people believed these promises, that

they would grant the Macedonians equal rights after the war.In the Danforth book, this topic is explored, but I would have liked to see an emphasis on life before the Greek government started bombing the villages, with help from Britain and the U.S. The Greek Civil War was a classic proxy war, and it was one of first of its kind under the Truman Doctrine, which was based on the official Cold War policy of Containment.I have only one thing in this world from my father, which is a letter, addressed to my mother, written from a Greek prison, dated 1946. In it, it states very clearly how the Greek Army was using the accusation of 'Partisan' to put any Macedonian in jail. Also, for the individual officers, it was a great business, because they could demand huge sums of money for the release of prisoners, and that would go in their pockets. My father would die not long after he wrote that letter.My mom took me, with some 20 children from Zhelevo all the way to Romania. I was very lucky to be with her, as I was only nine months old, but my broth-

er was not so lucky. My brother was taken to Czechoslovakia; he was ten years old before the Red Cross would unite us. One of my grandmothers was taken to Poland, where she died, and the rest of the family was scattered all over the world; Yugoslavia, Hungary, the Soviet Union, Romania, and Canada.As documented in the book, refugee children 14 years old and older were encouraged to return back to fight by the Party, and many mothers, like my mom, were asked by the Communist side to go back to Greece to fight. But, my mother was desperately searching for my brother, looking to be reunited with her brothers and sisters. In her case, she agreed to marry a Greek communist man, who was an invalid, but who had connections. She thought it would be only temporary, but what a mistake it was! As a result of this, growing up in Romania, my Macedonian ethnicity was hidden from me, and like many children, I was taught that I was Greek, and I was never allowed to learn Macedonian. For many years, I never even understood my own ethnic heritage.As stated by the authors of the book, the Communist Party in Romania under Ceausescu was one of the most corrupt. As a result, the Romanian government gave control of almost all of Romania's Macedonian refugee children to agents of the Greek Communist Party. Over time, the Greek communists exerted more and more control, as more evacuations and dislocations started. After 1950, families started to be relocated across many cities within Romania. And, in each city, they would have 'organosi' or agents of the Greek communists, in charge of controlling the refugees, with Greek-speakers and Macedonian-speakers going to different places. And these movements happened again and again. For example, I was moved six times.One of the worst of these places was Moinesti, a city which had been deserted after the German invasion. Hundreds of us were moved there, isolated from everything. There were still barricades everywhere you looked. We had iron beds, with one kitchen room used by 20 to 30 families, and Turkish baths used by hundreds of people. It was like the war had never ended for us.Later in my life, I came to feel so angry about how our people lived in such unjust conditions, over the long cold winter, far from civilization, far from life. The men worked in the petroleum refineries; a very hard job leaving early in the morning and coming back late. Going to school was a challenge, walking long distances with snow covering above the knees. A huge fence surrounded the camp, and the entrance to the camp was a huge tall door, similar to what you might see at one of Hitler's concentration camps.At this miserable place, I would eventually finally meet my brother, who was brought to us by the Red Cross. But, we could not communicate for months, as I had been taught Greek by my Greek stepfather, while he spoke Macedonian and had also learned Czech. We lived in this remote place from about 1952 to 1963, with not only no TV, but also no hot water.On page 74 of the book, there is an important section about how we were supposed to have received an allowance for clothes and medical care from the Romanian government, as well as pocket money for incidental expenses. In my case, if the Romanian government ever sent money, I certainly never received any of it, nor any clothes.Years later, I would come to realize that this policy of payments was the reason for my name to officially be changed, from Niki Stefo to Niki Lazarova, and I was sent to a Greek High School in Bucharest called Eliniko Gimnasio. The reason for the name change was that Greek Communist Party agents were receiving a fixed sum of money on behalf of each child if they could produce

proof the child was an orphan, so by changing my name, they could claim this money twice. Also, in Grade 9, I discovered that my Greek "father" was in fact not my father at all, and that my real father had died in the War, which is why I had always been considered an "orphan". The veil had begun to fall, and I had started the long journey of discovering my true identity.I had only one school uniform and one pair of shoes. Summer time involved taking the 8-hour train ride home, hiding between the compartments. The dormitory in Bucharest was shared with another 50 girls, and many days and nights, I would go to sleep hungry. I remember, in 1965, I graduated and went to pick up my high school diploma in Bucharest. I was told it would be ready the next day, but I had nowhere to sleep. So, I stayed the night in the city cemetery with my friend, until morning.In the book, it is mentioned that the children in the eastern countries 'could continue their studies at the university level'. But, only families very high up in the Party got those opportunities for their children.During my years in high school, I never understood why the Greek embassy never gave me a visa to visit my grandparents, who were still alive in Andartico (Zhelevo), in northern Greece. I remember, after a couple of visits, the Greek Embassy official in Bucharest "said to me "you will never go back"," because my people were to blame for the War. I had a Greek communist stepfather and was speaking only Greek, so I would be one of the 'lucky' candidates to continue my study. However, with my last name Lazarova, I was never able to get a visa to visit my grandparents.During my years in high school,

I used to sneak away from my bedroom at night, and hide in the attic, listening to the Radio Free America, or a German radio station. I could not understand a word in English, but somehow, the tone of the speaker's voice meant something to me.The repatriation mentioned in the book, the idea of 'going home,' wherever home was, was not an option for me. I had heard rumors of a time when we would get to leave, but for me, the destination was some western country in Europe, not back to Macedonia or Greece. By this time, I knew enough about Eastern and Western countries, I heard about it many times in that attic. My first visit back to Macedonia came in 1967, but it was to the northern part, which was still under Yugoslavia at the time. I visited only for two months, which was enough for me to see this was not the country I should go to. On that trip, my stepfather sent me to check our documents, as he had a plan for us to immigrate to Yugoslavia. But, why did my Greek stepfather want to leave Romania for Macedonia? I never asked the question then to this man, who once said to my mom "aftin ti giftiki glossa then tha ti mi-lisete sto spiti," which meant, 'you won't use that gypsy language in my house". In 1980, I would find out why, but that is another story.My second trip out of Romania was in 1968, when I had a dream to get to Italy. But I was too young, the police harassed me, and I was eventually returned back to Romania.Many of the refugees did settle in what is now today's Republic of Macedonia, as explained in the book. In 1969, I became one of those immigrants who were settled in Tetovo, where the Albanians outnumbered us. The child refugees were once again made into victims, this time by a corrupt government in Yugoslavia. Families of Aegean Macedonians coming in from Romania, Poland, Hungary and Russia were once again 'put back to the bar-

racks,' thrown into one building, and only after a great struggle did we get apartments of our own. I thought to myself, why did we leave Romania? I knocked on many doors for help, for education, for the jobs that were promised, and was greeted with anything from neglect and indifference to sexual harassment. One well-known Yugoslav politician even tried to seduce me, and I decided to leave.After two years of disappointment in Yugoslavia, I went back to Romania in 1971, where I met my husband. Until 1974, it would prove to be another painful chapter in my life, as I struggled with the bureaucracy to get my Romanian

husband and daughter out of Romania. In 1974, my husband finally got an exit visa to visit 'my family' in Tetovo, but in fact, we were really on the way to the Traiskirchen refugee camp, not far from Vienna, in Austria. In 1975, I immigrated to Canada, where the next two chapters of my life began, starting off with a period that I spent in Toronto's Greek-speaking community. Eventually, and especially after 1990, I finally began the process of uncovering my well-hidden roots, and realizing that I was Macedonian, realizing what it meant to be Macedonian. I have been able to do this in part by volunteering for the Canadian Macedonian Place Seniors Home, the Canadian Macedonian Historical Society, the St. Clement's Macedonian Orthodox Church, and Macedonian Film Festival, and sharing my story with the Macedonian people that I meet.I can never forget the comment by Maria Todorova, another of the Deca Begalci, whose story is documented in the book. She said: 'The time seems ripe for beginning the process of reconciliation with the Greeks, and Danforth and Van Boeschoten's work will help us move down that difficult road.' It is a brave statement and well-said, but even before we do that, I believe we must also reconcile ourselves with ourselves, for all Macedonians to be one, if they live in the Republic, in Aegean Macedonia, in Pirin Macedonia, or in the many communities of the worldwide Macedonian Diaspora. The reconciliation with the Greeks, and with the Greek government, will take much time and patience, but I hope to see some progress on this in my lifetime. The first step, as Maria said, is to reexamine the historical truth of what actually happened to our people in Greece, and what actually happened to the Deca Begalci.

To order the book:
http://astore.amazon.com/mkdiaspora-20/ detail/0226135993

For history-related events in the Toronto area: http://macedonianhistory.ca/



„Османлиската империја во 15 век“

„Македонска ризница” е почестена со промоција на новата книга на историчарот Благоја Илијовски „Османлиската империја во 15 век“



Македонска ризница

Оваа книга има за цел да му ја претстави на читателот Османлиската империја во текот на 15 век, на еден општ и прифатлив начин. Во основа македонската читателска фела е добро запознаена со историјата на Османлиската Империја, бидејќи истата е неодминливо поврзана со историјата на македонскиот народ. Исто така, се дава и општ преглед на историјата на балканските земји кои или целосно потпаднале под власта на Османлиите или делумно, односно одреден период од своето постоење биле нивни вазални земји. Оваа книга нема за цел да менува одредени гледишта кај читателската публика, туку едноставно да им ја доближи историјата на Османлиската Империја и земјите кои се спомнуваат во истата.

Во прилог ви издојуваме кратка соджина од „Османлиската империја во 15 век“

Познато е во стручната јавност и литературата, дека Бајазит I, имал намера од својата држава да создаде централизирана империја со широки територијални размери. Патот кон внатрешноста на Балканот, на новиот султан Бајазит I, сепак у бил обезбеден уште со владеењето на неговиот татко, султанот Мурат I (1362-1389). Пред да стане султан, непосредно по Косовската битка на 28 јуни (1389), Бајазит наредил неговиот брат Јакуб, да биде елиминиран. На тој начин била тргната и последната пречка за преземање на власта во свои раце, од страна на Бајазит. Во текот на 1397 и 1398 година амбициозниот султан под османлиска власт го ставил поголемиот дел од западна Анадолија и го анектирал емиратот Караман. Обидувајќи се да го освои, во меѓувреме Бајазит I безуспешно го опсадувал и Константинопол, кој според него претставувал природно седиште за идната Османлиска Империја. Меѓутоа, овие амбиции на султанот Бајазит, ќе ги нарушат Монголите, предводени од Тимур (Тамерлан), кој дотогаш под своја власт ги контролирал Персија, Узбекистан, Сирија и др. Тамерлан имал подршка и од емиратите во Анадолија, кој, пак, се побуниле против Бајазит. Ова била и иницијалната каписла за судирот кој следел во текот на јули 1402 година, помеѓу Бајазит и монголската војска предводена од Тимур. Исходот од битката кај Ангора (Анкара), бил со катастрофални последици за Османлиската држава.

На почетокот на 15 век, Османлиите се соочиле со нападите на Монголите, под водство на Тимур. Османлискиот султан Бајазит (1389-1402), бил катастрофално поразен во битката кај Ангора, на 28 јули 1402 година, од војската на Тимур. Откако главнината од неговата војска била уништена од надмоќната и далеку побројна монголска армија, единствено јаничарите и оклопните единици предводени од Стефан Лазаревиќ, успешно се спротивставиле на налетот на монголската војска. На самиот крај од битката султанот Бајазит I заедно со преостанатите 2-3.000 османлиски војници, биле опколени од 70.000-ната монголска армија. Набрзо, османлискиот султан се дал во бегство, но бил заробен од страна на канот Махмут Оглан, по наредба на Тимур. Бајазит по една година помината во монголско заробеништво починал (1403). Имено, Бајазит починал од излив на крв во мозокот (капка), во Акшехир.

Поразот кај Анкара (1402), го променил и односот на вазалните земји со Османлиите.

Сл. 1 Портрет на кој е прикажан султанот Бајазит I

Имено, османлиската држава повеќе не ги уживала правата над своите вазали, емирите на Гермијан, Сарухан, Ајдин, Ментеше и Караман, кои си ги повратиле назад своите земји. Меѓу другото, дел од анадолските коњаници кои биле во составот на Бајазитовата војска, преминале на страната на Тимур. Имено, Тимур со својата монголска армија, сè до почетокот на 1403 година сеел страв и ужас низ целокупна Анадолија. Особено тоа на своја кожа го осетиле жителите на градот Смирна (Измир), чии обиди заедно со витезите-хоспиталери од редот на Св. Јован (од Родос), да го спречат во намерата Тимур да го освои градот биле залудни. Голем дел од популацијата на Смирна, буквално речено била масакрирана, а потоа од главите на безживотните тела на жителите на градот, биле создадени куполи од черепи. Овој тежок пораз на османлиските сили го искористил и византискиот император Мануил II Палеолог, кој освоил некои територии во Мала Азија и Европа. Со други зборови почетните години од првата декада на 15 век, не биле ни далеку од добри по државата на Османлиите, напротив многу лесно можела истата дел по дел да се распадне и да исчезне од историската сцена. По поразот кај Ангора (Анкара), и по смртта на Бајазит во 1403 година, османлиската држава била пред сериозна опасност. Имено, покрај понатамошните навлегувања на монголската војска паралелно се одвивале династички борби околу престолот, што настанале помеѓу синовите на Бајазит. Во периодот од 1402 до 1413 година османлиската држава се наоѓала во сериозна криза која прераснала и во граѓанска војна.

Во првите години на 15 век, османлиската држава тонела во перманентна криза, која била најтешката во периодот на дотогашното нејзино постоење. Граѓанската војна која се водела помеѓу синовите на Бајазит, го ставила под знак прашалник опстанокот на државата, а во меѓувреме Монголите предводени од Тимур ја опустошиле цела Анадолија сè до градот Бурса. Оваа констелација на меѓусебни воено-политички односи на државата во почетокот на 15 век, не насетувала дека во тој момент османлиската држава повторно ќе доживее своевидна ренесанса и за само неколку децении подоцна ќе прерасне во вистинска Империја. Првиот султан, кој ќе ја оттргне османлиската држава од граѓанската војна и сè повидното распаѓање на истата, бил Мехмед I Киришхи. Тој ќе ја стабилизира внатрешно-политичката ситуација во државата. Во периодот на владеењето на Мехмед I (1413-1421) и отпочнува обновата на државата. Периодот на владеењето на султаните Мурат II и Мехмед II Освојувач, може слободно да се нарече најмаркантниот период во текот на 15 век, односно до дотогашното постоење на Османлиската Империја. Последниот султан кој е обработен во оваа книга е Бајазит II кој владеел во периодот од 1481 до 1512 година.

Народни песни за војводата Пандил Шишков, Ѓорѓија Еминагов,Тане Стојчев и Мице Цицков

Народниот пејач спомените за своите војводи ги пренесувал преку приказни и песни за пожртвуваноста, јунаштвото и животот на војводите. Нашиот фолклор е богат со вакви дела , кои сведочат за едно минато време. Денеска преку неколку кратки ретко познати песни ќе си спомнеме за неколку војводи од Македонија.

Војводата Пандил Шишков е роден во 1879 година во леринското село Екши-су. Зел активно учество во Илинденското востание како војвода на чета што ги предводи востаниците од неговото родно село. За време на Илинденското востание Пандил Шишков заедно со здружените чети на други македонски војводи влезе во гратчето Невеска, на 13 август 1903 година. Херојствата што Шишков ги извршил не останале незабележани од неговите современици. Народот раскажувал за неговите подвизи. Меѓутоа, како што често се случувало, народот и за овој јунак испеал песна не за неговите херојства, туку за настанот кога тој се нашол во опасност и со итроштина и знаење успеал да се спаси. Песната зборува за настанот во 1909 година, кога во куќата на стрико му се нашол опколен од турски војници. Со него бил и неговиот пријател Ѓорѓи од селото Ракита, Кајларско. За овој настан народот ја испеал песната за Пандил Шишков:

„Што пушки пукаат во село Екши-су,
Џандари чекаат село да сардисаат,
А Шаин-ага мртов ми падна.
Телеграми бијат горе во казата,
Се што е Турчин, тука да стигне,
Тој што го гониме да го гониме,
Дојде му саато жив да се фати.
А Пандил војвода жив не се предава.
Билбашија свика негови аскери:
Чувај се арно, до 6 саато полунош,
Утре сабајле ако не се предаде
Оган ке клајме.
Пандил Шишков на 12 саато оган отвори,
Безброј Турци убити.
Децата плачат, жените пиштат:
-Што е ова чудо што ќе стане!
А Пандил Шишков херојски избега.” (1)

Пандил Шишков со својот пријател Ѓорѓи од Ракита успеале да ликвидираат десетина турски војници, меѓу кои и Шаин-ага. Настанот го потресе селото Екши-су. Тој силно одекнал во Леринско. За херојствата на Пандил Шишков се ширеле приказни и се пееле песни меѓу народот во Леринско. Една песна за Шишков се пеела во леринското село Буф. Пандил Шишков родното село го напуштил во 1916 година и заминал за Софија. Бил оженет, имал пет ќерки и еден син. Убиен е во Софија на 7 ноември 1929 година.

собор во с.Негочани, Леринско.

Во селото Буф се пеела следнава песна за Пандил Шишков:

„Развивај шума, шума бујата,
Направи сенка дебела,
Извирај вода студена,
Там седи Пандил војвода
Со негоата верна дружина.
„Дружино верна да ми си,
Кога ке ојте во село
Да ги папсате шушките,
Да не ве мајка вас чуе." (2)

Ѓорѓија Еминагов-Фрчко пред Илинденското востание бил овчар во родното село Буф. Зел активно учество во Востанието, а бил активен и во поилинденскиот период.

Фрчко е од селото на легендарниот војвода поп Костадин Буфски, а од истото село се и војводите Танас Ферманов, Наум Попов-Буфчето и Стојан Томев. Фрчко доживеа длабока старост и умре во родното село во 1951 година, кога имаше над сто години. За него се зборува во следната песна :

„Караманот лавна,
Овчето Брезе блевна,
Мурга завила,
Како да ми велат:
„Ѓорѓија бегај,
Арамии идат
Да те фатат".
Уште зборот не завршен,
Кучиња арамии
Ме опколија.„(3)

Мицко Цицков потекнува од еницевардарското село Оризари. Еднаш му дошол дома еден ага и побарал неговата жена да му ја даде само две ноќи. Мице го истргал ножот и го распарал агата, а потоа заминал во планина. За време на Илинденското востание Цицков беше војвода на чета од дваесет борци од с. Екши-су, загинува во борба со Турците на 11 март 1908 година во с.Екши-су. Народот го опеал во следната песна :

„Мицко Оризарски, Мученик Вардарски,
И тој на старост
Четник испадна.
Пушка на рамо,
Нож в раката,
Уби агата,
Избега во гората. " (1)

Војводата Тане Стојчев - Грознио е од леринското село Горничево. Тој зеде активно учество во Илинденското востание, а по завршувањето на истото останува во Македонија со својот народ. Бил убиен со тројца другари кон крајот на јуни 1907 г. кај с. Чеган, Воденско. За него народот ја испеал следната песна:

„Врни се Тане, Тане војвода.
Јас не се врнам, Турчин ке врнам,
Турчин пријател.
Тане се уби Воденско поле,
Воденско поле,Чеган планина."(2)

---

(1) Песната за војводата Пандил Шишков и Мице Цицков ги испеал соселанецот Кице Ашелов . Ашелов заминал за САД, а потоа во Аргентина работел како наставник по гимнастика и пеење. Умрел во оваа јужноамериканска држава.

(2) Овие песни за П. Шишков и Тане Стојчев ги соопшти Јана Ферманова-Шутарова , Јана е родена во 1909 година во големото леринско село Буф и е потомка на легендарниот буфски војвода Атанас Ферманов.

(3)Песната за Ѓорѓија Еминагов ја испеа неговиот внук од син Симе Еминагов роден во селото Буф во 1925 година
Извор
Доне Пановски – „Необјавени народни песни за тројца македонски војводи„- „Фолклор и Етнологија на Битола и Битолско -1981 година„

Андонов Благојче

Штип низ времето

Македонска ризница

Македонска ризница

Македонска ризница

Македонска ризница

Македонска ризница

Македонска ризница

Разговор помеѓу Јозеф Холечек и југословенскиот крал Александар



Holeček, Josef.(1927). *V Jugoslavii roku 1924. I díl.* V Praze: Tiskem a nákladem Pražské akciové tiskárny. str. 67-71.

„А Македонија не сакате да ја видите? Слични српски паметници има и во Македонија.

За Стара Србија светот веќе нешто знае, а Македонија никој не ја забележува. Ве советувам, одете во Македонија.“

„Македонија ме привлекува, ама ме одбиваат Македонците.“

Кралот ги начули ушите.

„Не сфаќам. Па толку добар, тивок и чесен народ! Кој Ви ги има толку оцрнето?“

„Во 1910г. во Софија зборував со осумдесет и шестгодишниот Драган Цанков, бугарски народен водач. Тој сам вака го опиша триделниот бугарски народ: северните Бугари, подунавските, се чесен народ, ама ненадарен; јужните, оние под Балкан планина, се надарени, ама лукави, спремни се на сè; а третите, Македонците, се арамии. Не би ги дал ни на Бугарија, ни на Србија, ни на Австрија, оти човек со нив сам си го врзал јажето околу вратот.“

„Тогаш, Драган Цанков бил особен непријател на Австрија. За Австрија да ја освои Македонија по копно, бидејќи инаку и не може, мора прво да ја освои Србија и останатиот Балкан. Друга претстава за Македонија немате?“

„Во Софија тогаш видов мнозина од нив, еден куп, небаре во Бугарија немаше Бугари, а само Македонци. Генерали, службеници, учители, трговци – до еден Македонци! Барем така ми се виде, веројатно оти Македонците како попргави беа секаде напред и секаде први имаа збор.“

„Така е. Македонците веќе ги притискаат Бугарите и не останува многу, за да паднат Бугарите под македонско иго.“

„Тогаш видов и македонски комити. Мнозина таму идеа за некоја работа. Тоа беа во целина мажи со витка става, со смели, да, со бунтовни очи и пргави движења; се вртеа околу себе, небаре беа полни со жива, па се загледуваа на кого да му пуштат бујна крвца. Прекрасно пееја. Напевите им звучеа посебно, сосема инаку од она што се слуша во Европа; меланхолично и фанатично, крваво и заносно.“

„Српската песна ја познавате?“

„Мошне добро.“

„Која е разликата помеѓу српската и македонската песна?“

„Можам да ја назначам само по впечатоци. Македонската е дива и моќно го возбудува слушателот; чинам, во неа како да нема хумор; српската е поумерена, радо се поигрува со зборот и звукот и често има неодолив хумор. Крвава меланхолија кај Србите има само воениот марш *У бој*, а тоа е творба авторска.“

„Инаку македонските комити не ги познавате?“

„Не ги познавам и по тоа познанство не копнеам. Сѐ дури господарат тие во Македонија и претставуваат опасност по грлата и џебот на населението, ќе се држам настрана. Стар сум веќе за такви познанства, не сум жеден по авантуристички средби со арамии, како што ги нарече Македонците Драган Цанков.“

„И јас знам по нешто за Македонците и за односите во Македонија. Да знам дека ќе ми верувате, би Ви кажал.“

„Како да не Ви верувам? Од кралска уста може да излезе само вистина, а кој би можел да ја знае македонската вистина поарно од Вашето Величество?“

„Секако дека ја знам, но не ми доликува на службата да ја разгласувам преку трибуни и да ги учам масите на неа. Жалам, а жали и целиот српски народ, дека за Македонија толку невистини се раширени, и тоа не само во земјите горе-долу далечни, ами и во нашава држава, да, оти такви невистини шират и сами припадници на оваа држава. Тие лаги странството ги голта со начулени уши, па кога се излезени од самите југословенски граѓани, во нив гледа непогрешна вистинитост. Имајте на ум и не чудете се кога Ви велам дека во Македонија нема комити.“

„А каде се? Белким не ги покосила чума од вчера до денес.“

„Чума не ги покосила, тука се, ама не во Македонија, а во Бугарија поточно во Софија. До еден ги прогонивме, земјата од нив ја ослободивме и населението за тоа ни е благодарно. И дури сега го откриваме чистиот карактер на Македонците. Тие се народ сосема поинаков од славните комити. Комитите се диви арамии, нескротени ајдуци, крвожедници кои секој ден бараат свежа српска крв. Домородните Македонци се кротки, мирољубиви, домаќини и побожни. Тие нивни особини отсекогаш провоцирале насилници од секој вид да ги рекетираат, ограбуваат и пљачкаат. Југославија сака да биде заштитничка на Македонците, да им даде безбедност и да ги спаси од наездата на домашните и странски насилници. Отидете ли до Македонија, ќе дознаете уште повеќе и подлабоко ќе навлезете во тамошните односи.“

„Вашето Величество навистина пробуди во мене голем интерес за таа земја. Со задоволство би отишол таму, но сам главата в торба не би ја ставал. Ја носам на раменици седумдесет години, па сакам барем да ја доносам.“

„Ве уверувам, дека таму веќе не постои опасност по личноста или имотот. Додуша, не беше така кога ја зедовме Македонија под своја управа, ама тоа брзо се промени. Комитска нога веќе не се осмелува да ја премине бугарската граница и да стапи на македонско тло, каде денес е опасно само за комитите.“

„Од устата на Вашето Величество, чинам, слушам цели приказни. Љубопитноста ми е крајно напната и би бил среќен, кога во Македонија би нашол место приказни вистина.“

„Ќе најдете.“

Превод: Диме Митревски

Разговор со режисерот на документарецот „A Great Macedonian” Ренато Џулијано

Ренато Џулијано е еден сонувач што работи како режисер на документарци и музички спотови во Италија и во странство. Тој студирал и работел заедно со Ермано Олми (Terra Madre). Меѓу другото работел и како асистент на режија, кинематограф и монтажер. Го завршил својот прв долгометражен документарен филм “Кооперанти – семето на солидарноста” којшто

е продуциран од CEFA Onlus (2010), "Голем Македонец" (2011, RLP Film Productions). Во моментот тој е во подготвителна фаза на уште еден документарец, "Таква Игра" (Nukleus Film, Croatia – www.suchagame.it) и во октомври 2011 почнува со снимање на COSTRUIRE LA PACE (Градење Мир), долгометражен документарен филм во продукција на Kinè Film (Италија)

Кога прв пат го сретнав Дејан Зафиров (главниот лик во филмот) во Скопје, Македонија бев на патување низ поранешните југословенски земји со цел да направам истражување за мојот филм "Таква Игра". Не бев почнал да работам со Дејан, но бев сосема вчудоневиден од моќта и силата на овој едноставен дечко со големо срце. Не можев да поверувам колку многу емоции и соништа излегуваа од него, едноставноста на неговиот животен стил и леснотијата со која живееше без нога. Не само што се чувствуваше комфорен во извршувањето на секојдневните активности, но воедно ми зборуваше за големите дела и предизвици што сакаше да ги оствари, и за тоа како сака да биде "пример" за другите луѓе што се во иста состојба како него. Неколку месеци откако Дејан ја направи својата одлука и го почна првиот чекор од неговата тура по 5 континенти: патување од Македонија до Франција, сам, со велосипед. Без никаков буџет јас сфатив дека можам да му помогнам само околу неговиот пат низ Италија, и тоа и го направив. Поминавме заедно три дена, јас му бев домаќин во мојот стан, а потоа заедно со моите асистенти го следевме низ италијанските краишта и решивме да ја раскажеме неговата сторија. После тоа прво важно патешествие, Дејан веќе беше со својот велосипед низ Јужна Америка и Кина, а моментално ги поминува САД и потоа ќе оди во Африка и Австралија во 2012 г. Јас продолжувам да го следам и сеуште посакувам да обезбедам буџет за да го следам за време на некое од следните патешествија. Овој човек е навистина голем човек, Голем Македонец, и јас лично сакам да му помогнам во неговата авантура на единствениот начин на којшто можам: да ја прикажам неговата сторија на што повеќе луѓе можам.

Фестивали каде што досега е прикажан документарецот:

LISTAPAD 2011 (Minsk International Film Festival - BELORUS)
SPORTFILMFESTIVAL 2011 (Palermo,Italy) – nomination as best PARALYMPIC film, "INAIL" SPECIAL AWARD
SARAJEVO WINTER FESTIVAL 2012 (Bosnia Herzegovina)
SALA DOC – DOCUMENTARI AL CINEMA (cinema Odeon – Bologna, ITALY 2012)
BCN SPORTS FILM FESTIVAL 2012 – BEST PRODUCTION OF ADVENTURE FILM
BOSIFEST 2012 (Serbia)
Matera Doc Festival (Italy, 2012)
Milano Sport Film Festival – FICTS Final (Italy, 2012)
Watch A GREAT MACEDONIAN online: http://www.cultureunplugged.com/documentary/watch-online/play/9259/A-GREAT-MACEDONIAN

превод: Гоце Панговски

AGI
RLP Film Productions - 2011

REAT MACEDONIAN
a film by renato giugliano

Interview with Renato Giugliano, the director of the documentary film *"A Great Macedonian"*

Renato Giugliano is a dreamer who works as director for documentaries and music clips in Italy and abroad. He has studied and worked with Ermanno Olmi (Terra Madre); amongst his experiences, he worked as first assistant director, camera operator and picture editor. He finished his first feature documentary, COOPERANTI – Il seme della solidarietà, produced by CEFA Onlus (2010), A Great Macedonian (2011, RLP Film Productions). At the moment he is in the development stage of another documentary, Such a Game (Nukleus Film, Croatia – www.suchagame.it) and in October 2011 will start shooting COSTUIRE LA PACE (Building Peace), feature documentary produced by Kinè Film (Italy).

When I first met Dejan Zafirov (the main character of the film) in Skopje, Macedonia, I was traveling the former Yugoslavian countries in order to make a research for my film Such a Game. I didn't start working with Dejan but I was completely astonished by the power and strength of this simple bighearted guy. I couldn't believe how many emotions and dreams were coming out of him, the simplicity of his life style and the easy way he was living without a leg. Not only he would feel comfy doing everyday activities but also he'd speak to me about great deeds and challenges he wanted to accomplish, also in order to be an "example" for other people who

lay in his same conditions. A few months after Dejan toke his decision and started the first step of his 5 continents tour: going from Macedonia to France, alone, by bicycle. Without any budget I realized I could only help him during his way through Italy, so I did. We spent 3 days together, hosting him at my flat and then, together with my assistants we followed him through the Italian country side and decided to tell his story. After that first important trip Dejan has already been biking in South America and China, at the present days he is crossing the United States of America and will go to Africa and Australia in 2012. I'm keeping following him and still wish to find a budget to follow him during one of the next trip. This man is really "A" great man, A GREAT MACEDONIAN, and I personally wish to help his adventure by the

only way I can: show his story to as many people as I can.

The Film Festivals that have shown the documentary thus far:

LISTAPAD 2011 (Minsk International Film Festival - BELORUS)

SPORTFILMFESTIVAL 2011 (Palermo,Italy) – nomination as best PARALYMPIC film, "INAIL" SPECIAL AWARD

SARAJEVO WINTER FESTIVAL 2012 (Bosnia Herzegovina)

SALA DOC – DOCUMENTARI AL CINEMA (cinema Odeon – Bologna, ITALY 2012)

BCN SPORTS FILM FESTIVAL 2012 – BEST PRODUCTION OF ADVENTURE FILM

BOSIFEST 2012 (Serbia)

Matera Doc Festival (Italy, 2012)

Milano Sport Film Festival – FICTS Final (Italy, 2012)

Watch *"A Great Macedonian"* online: http://www.cultureunplugged.com/documentary/watch-online/play/9259/A-GREAT-MACEDONIAN

Спомените на Никола Бубевски

Роден сум во селото Ѓавато, Битолско во 1884 година, а сега живеам во Битола, улица „Кузман Јосифовски" бр. 30.

Потекнувам од револуционерно семејство, мојот најстар брат Коте Бубевски вршеше должност на селски војвода уште пред Илинденското востание. На тој начин нашата куќа во селото Ѓавато вршеше функција на постојан конак за комитите од овој реон. Комитските чети со своите војводи често престојуваа во нашата куќа, а често пати пати престојуваа и реонските војводи. За време на Илинденското востание двата мои постари браќа, Петре и Коте Бубевски, излегоа комити, а јас како најмлад во семејството останав дома со семејството.

Се сеќавам, непосредно пред почнувањето на Илинденското востание, преку куририте дојде известие за започнувањето на Востанието. Беше јавено дека на самиот ден Илинден 1903 година околу 4 часот по пладне сите да излезат со оружјето што го имаа и да се соберат во коријата над селото. Од нашето село излегоа пет селски војводи со свои чети. Главен војвода на овој реон беше војводита Ѓорѓи Сугарев. Од кога се собраа во коријата и од кога дефинитивно ги формираа четите истата ноќ 3 чети го нападна турското село Доленци.

После 10 до 12 дена од почнувањето на Илинденското востание турскиот аскер го нападна селото и го запали. Сè што беше живо од селото избегавме и се упативме во селото Смилево кое се уште беше слободно и во него останавме се додека траеја борбите. Во селото Смилево беа концентрирани повеќе чети што многу храбро се бореа и го бранеа селото. Турската војска потпомогната од турскиот башибозук не можеа да го заземат селото се додека не пристигна 14-илјаден аскер од Крушево, по неговото заземање.

Додека траеа борбите за заземање на селото Смилево, јас бев ранет од еден турски војник и заробен. Со повлекувањето на турската војска од селото Смилево мене ме одведоа во Битола каде што по излекувањето бев затворен и сослушуван во турскиот затвор во Битола. По сослушувањето, заедно со други затвореници бев изведен пред турскиот воен суд и осуден на 101 година робија. По извесно време лежење во Битолсиот затвор нè собраа една поголема група затвореници, нè однесоа на Железничката станица во Битола и со воз не префрлија во Солун во затворот Једи Куле. Од Солун бевме спроведени во Анадол, каде останавме дваесетина дена, а потоа со параброд не однесоа во Александрија. Кога стигнавме во Александрија сметавме дека завршија нашите маки, но, излезе поинаку- нашите маки допрва започнуваа. Во тешки пранги низ пустиња пешки не тераа до Дијар Бекир. Осумнаесет денови пешачевме преку Алеп, Урфа, реката Еуфрат, која со чунови ја преминавме. Многумина по овој напорен пат не можеа да издржат и изумреа.

По доаѓањето во Дијар Бекир многу големо добро видовме од Ерменците што живееја во овој град. Тие ни дадоа алишта да се облечиме бидејќи бевме во партали, нѐ нахранија, ни дадоа и пари и ни помогнаа во многу други работи. Дијар Бекир беше голем град и животот беше мошне ефтин. Така, за два гроша можеа да се купат 3 јајца итн. Не сместија во тамошниот затвор кој беше чудесија од големина. Затворот имаше 70 одаи. За среќа наша во затворот беше затворен и еден турски бег од Охрид, кој што бил замешан во Организацијата. Кога ги виде затворениците од Охрид многу се израдва и со сите се избакна. Покрај нив и ние од другите места три дена се гостевме, јадевме само месо, на негова сметка.

Во затворот во Дијар Бекир останавме седум до осум месеци, а по давањето амнестија на сите политички затвореници бевме ослободени и ни беа дадени на секој затвореник по 70 гроша, пари вероватно собрани од европските конзули, за да можеме да се вратиме во своите родни места. Повторно се собравме и тргнавме пешки, но сега

без пранги, 18 дена низ пустињата за да стигнеме до Александрија. Тука за да се вратиме во Солун со брод ни побараа пари кои поголемиот број ги немаа. Ние сите не сакавме да плаќаме за превозот со брод до Солун. Пет дена се жалевме до европските конзули во Александрија за на крајот по интервенција, ми се чини, на австро-унгарскиот конзул, нѐ качија на еден брод за Солун.

Во текот на целото наше патување со брод до Солун се пееја македонски револуционерни песни. Но за жал 120 наши браќа од нашата група, која броеше 323 затвореници, ги оставија своите коски во пустињата како резултат на натчовечките напори на тоа патување и како резултат на разните напади на разбојнички банди, како и на суровоста на турските војски што го спроведуваа затвореничкиот конвој до Дијар Бекир.
Ете така успеав да ги издржам сите тешкотии и маки и да се вратам во своето родно место.

Битола, април 1968 година

Поезијата на Биљана Т . Димко

- Гораст-

Дневната светлина
не ти смета за да ја
разгледуваш светската темнина.
Апсурдни сцени на асфалтот.
Љубов и чад од цигари,
уличните светла бдеат
над дневната светлина,
изгазена црвена ружа
од црн дебел старомоден ѓон,
мелодија од труба
за „чао” пред еден погребен оператор.
Ти треба кафана
две-три чаши бистра
да ја истераш маглата сива
од синапсите до кои допира
една стара добра „Уморен сум од животот”.

- Кафанска-

Пријателу,
каде да ја сокријам оваа тешка болка?
Долго се смеам ко бесен пес.
Очекувам да умрам среќен.
По ѓаволите!
Сиот живот го минав среќен – плачејќи.
Никој не ме узна.
Љубев еднаш.
Тоа беа убави очи.
Никогаш не ја споменав.
Пред години, беше есен, ја напуштив
Гордо ја затворив вратата зад мене,
Убеден дека таа не е жена за мене.
Есента е полна со кал,
уште ја носам на чевливе, не сака да излезе.
Ја напуштив.
Дека ме љуби повеќе од себеси
да, тоа го знаев.
Затоа заминав, мислев ќе ме чека,
знаев дека нема да се вратам.
Жени безброј минаа низ рацеве
Душава стана ко гробница.
Сè ми помина, таа не.
Да ми е староста мудра,
но и таа поминува
и неа нема да ја видам.

- Безвремение -

Стојалиште на сенки
театар под маски
сите ни ракоплескаат
но, ехо нема
како ли заглавивме
во овој тажен чин
залутавме...
ова нема да има крај

луда тишина е оваа
бар самотијава да не беше...
не ми вели : „молчи”
подеднакво товарот ни тежи
не можам
не сакам
не треба
не смеам
да го закопам минатото
нашите другари
убава е светлината,
а се сеќаваш ли на мракот
црвените дни
оловните дупки
искинатото младо тело
низ пролетните ливади
рака подадена за помош
една виси на плот
имаше и едни сини очи
тоа беше небо.
Убедете ги мајките.
Ајде!
Крвава е нашата слобода
тешка е нашата земја
црна е нивната судбина
кукавици сме,
под херојското сонце
ордените сјаат.
Пријателе, ти ги знаеш моите рани.
Нашата младост немаше радосни дни,
ниту пак нашата старост
доаѓа без кошмарни сни.

- Раскажи ми приказна -

Раскажи ми приказна.
Ни долга, ни куса
токму нека е.
Може за цветот
што никнува, расте, цвета
и во убавината своја умира.
Зошто сè што е убаво мора да боли!?
Го чувствуваш ли ветрот?
Не сме луѓе, стоиме исправено,
а главите ни ги колваат чапји.
Смрдеа, покрај нас и темјанушката
смрди на измет.
Веруваме во Бог!
Секако, со постот ја миеме
само свинската маст од нас
и го блуеме скиселеното вино
од мочните меури,
па после, ново ќе наместиме.
На змиите им ги оставаме
непокосените ливади,
а на челадта им ги броиме зрната жито.
Нема приказна,
светот победува во своето зло
и тука стоиме ко удрени од дамла.
И невестата и мртовецот
в раце носат букет хризантеми.
Разбери младичу, ти кој трчаш
кон својата старост,
само долот на смртта е твој.
Носи го гордо својот маченички столб.

Тежок е нели?
Таков е животот.
Кога ја мислиш дента, ти ја испраќа ноќта,
кога ти го дава ралото, ти ја пушта сушата,
кога ти ја дава младоста, со неа ја испраќа
староста.
Животот е сон на мртвите,
но кој му знае, сонцето е вечно.
Раскажи ми приказна.
Ни долга, ни куса
токму нека е .

- Јас **и** Бог-

Фурија сеќавања
демнат од непознатите страни на тлото.
Го посакувам боздоганот на мудроста.
Инаетливите и глупави зборови се точат
и нема да дозволат да играм ролја на жена.
Се уморив од војните, погледот млад,
срцето го отчукува задниот час.
Колебањето да пријдам кон гробот се
премостува,
чекорите се брзи, но спиеш во очите.
Не те давам, а умирам.
Ти се заканувам – мрази ме!
Телото им припаѓа на враните,
душата од небото ти е ветена само тебе.
Ти се заканувам – гледај ме со презир!
Сакав да изградам храм, а го погребав Бог во
мене.
Не го сакам светов, жена сум...
Немам право на среќа, го убив Бог во мене.

Биљана Т. Димко е најмладиот член на Друштвото на писатели на Македонија. Родена е 1990 година во Битола. Своето средно образование го заврши во Битола, во гимназијата „Таки Даскало”, моментално е студент на Педагошкиот факултет на катедрата за македонски јазик и книжевност. Досега има објавено три стихозбирки „Кругови на животот” 2003, „Сцена зад кулисите” 2007 и „Дами и господа гологлави`` 2012. Неколку нејзини раскази се објавени во списанието „Раст” во издание на Битолскиот книжевен круг. Двапати е добитник на наградата за краток расказ „Владимир Костов”.

Портрет карикатура на Мето Јовановски - Никола Анѓелкоски

Божица - Весна Ничевска Саравинова

Пријатели на

Јахја Алави Фард (персиски: یحیی علوی فرد) е роден во 1973 година во Бојнорд, Иран. Тој е курдски поет, новинар и писател на детска литература.

Јахја Алави Фард се преселил во Ком во 1993 година. Неговата прва книга со збирка на поезија „Сезоните се интересни“ е објавена во 2005 година. Тој има добиено награди во Иран, вклучително шестата книга на сезони, националниот фестивал во Бахар (на универзитетите) и петтиот фестивал на детски печат.

Yahya Alavi Fard (Persian: یحیی علوی فرد) (born is 1973 in Bojnord, Iran) a Kurdish poet, journalist and writer of children›s literature.

Yahya Alavi Fard moved to Qom in 1993. Yahya Alavi Fard›s first book of poetry, Seasons Are Interesting, was published in 2005. He has won prizes in Iran including Sis Book of Season, National Festival of Bahar (in universities) and the Fifth Children›s press Festival (Selecting & Introducing the Best Press in Iran)

Prizes won by Yahya Alavi Fard

Fifth Children's Press Festival, Selecting & Introducing the Best Press in Iran,First Prize,2001
First Universities Art Festival, Iran, Second Prize, in Poem section,2002
Sixth Children's Press Festival, Sellecting & Introducingthe best press in iran,candidate,2003
Best Writer in Islamic Republic of Iran Broadcasting (IRIB), Iran, First Prize, 2004
Heaven Art Festival, in Howzeh, Iran, First Prize, in Poem section, 2009
Sixth Book of Season, Iran, First Prize, 2009
Third Fajr Poem Festival, Iran, selected, 2009
National Festival of Bahar, in Universities, Iran, First Prize in Poem section, 2009
Last Savior Festival, International Festival About Emam Mahdi, Iran, Honored Diploma, 2009
2nd bright future festival, International Festival About Emam Mahdi, Iran, Jury, in kids poems section, 2009
2nd national festival of thaghalain", In Universities , Iran , second prize , 2009
2nd blog festival about ashoora " , Iran , first prize , 2010

Godly world

See that the leaves and grass
And the clusters in the farms
Are like the hands of villagers
Are little praying hands and arms

And these Minarets and these domes
Hands and heads of our town
See how delightful the world is
How godly it is to be shown

Yahya Alavi Fard

„До земјата на Александар Велики, Македонија, од Јахја од курдската земја.“

“To the land of Alexander the Great, Macedonia, from Yahya from the Kurdish land.”

АНТИКВИЗАТОРИ !!!

АЛЕКСАНДАР СТЕВАНОВ

ИМА САМО ЕДЕН АМАДЕУС И Е СИРЕЊЕ

АНТИКВИЗАТОРИ !!!



АЛЕКСАНДАР СТЕВАНОВ

КАДЕШТО СОНЦЕТО ВЕЧНО СЈАЕ

Во следниот број ќе читате:

Поезија од Ирена Јурчева
„Солунските атентати“ - Дарко Дорошевски
„Народните носии од Скопска црна гора“ - Роман К.
Пријатели на Македонија: Neermala Luckeenarain
Хрватскиот уметник Томислав Крижман
Интервју со шпанската група Офир

09

Можете:

да споделите – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото.

Под следните услови:

Наведи извор — Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).

Некомерцијално — Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели.

Без адаптирани дела. — Не смеете да го промените, трансформирате или да го адаптирате ова дело.

Е-ПОШТА:
makedonska.riznica@yahoo.com

Медиумски покровители:

cOoLTuRa